M. Здравкови

**Упатство за лекот: Информација за пациентот**

**LATANOX 50 микрограми/ml капи за око, раствор**
латанопрост

**Внимателно прочитајте го целото упатство за употреба пред да почнете со примена на овој лек затоа што соджи за Вас важни податоци.**

- Сочувајте го ова упатство. Може да треба повторно да го прочитате.
- Ако имате дополнители прашања, обратете се на својот лекар или фармацевт.
- Овој лек е пропишан само за Вас. Немојте да го давате на други. Може да им наштети, дури и ако нивните знаци на болест се исти како и Вашите.
- Ако примиетите било каков несакан ефект, потребно е да го известите својот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секој можен несакан ефект која не е наведен во ова упатство. Погледнете го делот 4.

**Содржина на упатство:**


1. Што е **Latanox** и за што се користи
2. Што мора да знаете пред да почнете со примена на **Latanox**
3. Како да го користите **Latanox**
4. Можни несакани ефекти
5. Како да го чувате **Latanox**
6. Содржина на пакувањето и други информации


## 1. Што е Latanox и за што се користи

**Latanox** припаѓа на групата лекови под називот аналози на простагландин. Латанопрост го намалува зголемениот очен притисок така што го зголемува природното истекување на течности од внатрешноста на окото во крвотокот.

**Latanox** се употребува за лечење на глауком со отворен агол и зголемен очен притисок кај возрасни. Двете состојби се поврзани со зголемениот притисок во внатрешноста на окото и може штетно да делуваат на видот.

## 2. Што морате да знаете пред да почнете со примена на Latanox

**Немојте да применувате Latanox**

- ако сте алергични на латанопрост или некои други состојки на овој лек (наведено во делот 6.)
- ако сте бремени или планирате бременост
- ако доите

**Предупредување и мерки на претпазливост**

Обратете се на својот лекар или фармацевт пред да почнете со употреба на Latanox:

- ако сте имале или наскоро ќе имате операција на око (вклучувајќи и операција на катаракта)
- ако имате проблеми со окото (како што е болка во окото, надразнетост или воспаление, заматен вид)
- ако имате проблеми со суви очи
- ако имате тешка или несоодветно контролирана астма

- ако носите контактни леќи. И понатаму можете да користите Latanox, но следете ги упатствата наведени во делот 3.
- ако сте боледувале или моментално боледувате од вирусна инфекција на око, предизвикана од вирус херпес симплекс

**Деца и адолесценти**
Latanox капките не се наменети за деца.

**Други лекови и Latanox**
Известете го својот лекар или фармацевт ако земате или неодамна сте земале, или може ќе земате било кои други лекови.

**Бременост, доење и плодност**
Ако сте бремени или доите, мислите дека би можеле да сте бремени или планирате да имате дете, обратете се на својот лекар или фармацевт за совет пред да почнете со земање на овој лек.

Не користете Latanox ако сте бремени. Веднаш известете го својот лекар ако сте бремени, мислите дека сте бремени или планирате бременост.
Латанопрост не смее да се употребува ако доите или доењето треба да се прекине.

**Управување со возила и машини**
Во текот на употреба на Latanox капки може да имате краткотрајно заматен вид. Во тој случај немојте да управувате со возила ниту да работите на машина додека Вашиот вид не биде повторно јасен.

**Latanox содржи бензалкониум хлорид**
Latanox содржи конзерванс под називот бензалкониум хлорид. Овој конзерванс може да ги надразни очите и да ја оштети површината на окото. Бензалкониум хлорид може да се апсорбира во контактните леќи и да предизвика промена на бојата на меките контактни леќи. Поради тоа избегнувајте контакт со меки контактни леќи.
Ако носите меки контактни леќи, потребно е да ги извадите леќите пред вкапување на лекот потоа почекајте 15 минути после вкапувањето пред повторно да ги ставите леќите.

## 3. Како да користите Latanox

Секогаш употребувајте го овој лек точно онака како што е опишано во ова упатство или како што Ви советувале Вашиот лекар или фармацевт. Проверете со Вашиот лекар или фармацевт ако не сте сигурни.

Вообичаена доза е една капка од лекот во болното око (или очи), еднаш на ден. Најдобро време за примена е навечер.

Не користете Latanox повеќе од еднаш на ден, имајте во предвид дека при почеста примена може да дојде и до намалување на ефикасноста.

**Примена на Latanox со други капки за очи**
Доколку користите и други капки за очи, морате да причекате најмалку 5 минути помеѓу нивната примена.

**Лица кои носат контактни леќи**
Ако носите контактни леќи, потребно е да ги извадите пред употреба на Latanox. После употреба на Latanox причекајте 15 минути пред повторно да ги ставите.

**Постари лица**
Горе наведеното дозирање се однесува и на постари лица.

**Употреба кај деца**
Latanox капки не се наменети за употреба кај деца.

**Упатство за употреба:**
1. Измијте ги рацете и седнете или останите да стоите во удобна положба.
2. Извадете го заштитното капаче од шишенцето.
3. Со помош на врвовите на прстите нежно повлечете го долниот очен капак на болното око надолу.
4. Ставите го врвот на шишенцето близу до окото, но врвот не смее да го допре окото. Внимателно стиснете го шишенцето така да истиснете една капка во окото. Внимајавте да не го стиснете шишенцето прејако, така да не капне повеќе од една капка во окото.
5. Пуштете го долниот очен капак.
6. Со прст притиснете го аголот на болното око близу носот. Задржете го притисокот 1 минута и окото нека Ви биде затворено. Така ќе се спречи апсорпцијата на капките во крвотокот.
7. Повторете ја постапката на другото око ако Вашиот лекар така Ви препорачал.
8. Затворете го шишенцето.

Вашиот лекар ќе процени колку долго треба да ги употребувате Latanox капките за око, (раствор).

**Ако употребувате Latanox капки истовремено со други капки за очи**
Причекајте најмалку 5 минути помеѓу користење на Latanox и употреба на други капки за очи.

**Ако употребите повеќе Latanox отколку што би требало**
Доколку капнете превеќе капки во окото можете да осетите благо надразнување на окото, а окото може да солзи и поцрвени. Тоа би требало да помине, но ако сте загрижени, обратете се кај Вашиот лекар за совет.
Ако случајно сте проголтале Latanox капки за око, (раствор), веднаш известете го Вашиот лекар.

**Ако сте заборавиле да употребите Latanox**

Ако сте заборавиле да употребите Latanox во вообичаеното време, причекајте го следното вообичаено време за употреба. Не земајте двојна доза како би ја надоместиле пропуштената. Доколку не сте сигурни, обратите се кај Вашиот лекар или фармацевт.

**Ако престанете да употребувате Latanox**

Ако сакате да го прекинете лечењето известете го Вашиот лекар.
Во случај на било какви нејаснотии или прашања во врска со употребата на овој лек, советувајте се со Вашиот лекар или фармацевт.

**4. Можни несакани ефекти**

Како и сите лекови, овај лек може да предизвика несакани ефекти иако истите нема да се појават кај секого.

**Многу чести несакани ефекти** ( се јавуваат кај повеќе од 1 на 10 пациенти)

- Постепена промена на бојата на очите поради зголемување на количината на кафениот пигмент во шареницата. Зголемена е веројатноста тоа да Ви се случи ако имате мешана боја на очите (плаво-кафени, сиво- кафени, жолто- кафени или зелено- кафени очи), отколку ако имате еднолична боја на очите (плави, сиви, зелени или кафени очи). Промена во окото може да се појави после неколку години, иако се по правило видливи во текот на 8 месеци од почетокот на лекувањето. Промена на бојата може да биде трајна и може да биде воочлива ако употребувате Latanox само на едно око. Промената на бојата на окото нема да предизвика никакви проблеми. После прекин на лекувањето со Latanox, промената на бојата на окото нема да продолжи.
- Црвенило на очите.
- Надразеност на очите (чувство на жарење, песок во очите, чешање, боцкање или чувство на страно тело во окото).
- Постепена промена на трепките на лекуваното око и ситните влакна околу окото, тоа најчесто се јавува кај лицата со Јапонско потекло. Промената се однесува на затемнување и на зголемување на должината, дебелината и бројот на трепките.

**Чести несакани ефекти** (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти)

- Надразнетост или оштетувањена површината на окото, воспаление на очните капаци (блефаритис), болка во окото.

**Помалку чести несакани ефекти** (се јавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти)

- Отекување на очните капаци, суво око, воспаление или надразливост на површината на окото (кератитис), заматување на видот, коњунктивитис.
- Осип на кожата.

**Ретки несакани ефекти** (се јавуваат кај помалку од 1 на 1000 пациенти)

- Воспаление на шареницата, т.е. обоениот дел на окото (увеитис/иритис), отекување на мрежницата на окото (макуларен едем), симптоми на отекување или гребење - оштетување на

површината на окото, отекување на делови околу окото (периорбитален едем), растење на трепките во погрешен правец или дополнителен ред на трепките, осетливост на светлост (фотофобија).
- Кожна реакција на очните капаци, потемнување на кожата на очните капаци.
- Астма (или нејзино влошување), отежнато дишење.

**Многу ретки несакани ефекти** (се јавуваат кај помалку од 1 на 10 000 пациенти)
- Влошување на ангина пекторис кај заболените со срцева болест.
- Болка во градите.
- Изглед на воспалени очи (продлабочување на каналот околу окото).

Може да се појават и следните несакани ефекти: собирање на течности во шуплините во подрачјето на заболениот дел на окото (циста на шареницата), главоболка, вртоглавица, чуство на лупање на срцето, болки во мускулите и зглобовите, инфекција на окото предизвикани од херпес вирус.

Несакани ефекти кои се почесто забележани кај деца во споредба со возрасните се течење и чешање на носот како и покачена телесна температура.

Во многу ретки случаи, кај некои заболени со тешки оштетувања на рожницата се појавиле тамни флеки (калцификација на рожницата) поради лечење со капки за око кои садржат фосфати.

**Пријавување на несакани ефекти**
Ако забележите било каков несакан ефект, потребно е да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Ова вклучува и секаква можна несакана реакција која не е наведена во ова упатство за употреба. Несаканите ефектите можете да ги пријавите на националниот систем за пријавување на несакани ефекти:

**Агенција за лекови и медицински помагала**
Одсек за фармаковигилаца
ул.Свети Кирил и Методиј бр. 54. кат 1
1000 Скопје, Macedonia
тел 02-5112394

Со пријавување на несакани ефектите можете да придонесете во проценка на сигурноста на овој лек.

## 5. Како да се чува Latanox

Овој лек чувајте го надвор од поглед и дофат на деца.
Да се чува во фрижидер, при температура од 2-8°C.
Лекот да се чува во кутија поради заштита од светлина.
После првото отварање, лекот да се чува на температура под 25°C и да се употреби во тек на 4 недели.

Овај лек не смее да се употребува после истекот на рокот на употреба наведен на пакувањето.

Никогаш немојте никакви лекови да фрлате во отпадни води или куќен отпад. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги исфрлите лековите кои повеќе не ги користите. Овие мерки ќе помогнат во заштита и чување на човековата околина.

**6. Содржина на пакувањето и други информации**

**Што содржи Latanox**

Активна состојка е латанопрост.
1 ml Latanox капки за око, раствор содржи 50 μg латанопрост.

Помошни состојки се бензалкониум хлорид; натриум дихидрогенфосфат хидрат; натриум хидрогенфосфат, безводен; натриум хлорид; прочистена вода.

**Како изгледа Latanox и садржина на пакувањето**

Latanox капки за око се прозирна, безбојна течност, без видливи честички.

- 2,5 ml капки за око, раствор во пластично шишенце со пластичен додаток за искапување и капаче, во кутија.
- 3 пластични шишенца по 2,5 ml капки за око, раствор, со пластичен додаток за искапување и капаче, во заедничка кутија.

2,5 ml Latanox капки за око, раствор одговара на околу 80 капки.

**Произведувач**

ЈАДРАН - ГАЛЕНСКИ ЛАБОРАТОРИЈ д.д., Свилно 20, 51000 Риjека, Хрватска

**Земја на потекло**

Хрватска

**Носител на одобрение за ставање на лекот во промет**

Еуролек дооел Скопје, Качанички пат 174, Визбегово, 1010 Скопје тел 02-2655-855

**Начин и место на издавање на лекот**

Лекот се издава со рецепт, во аптека

**Ова упатство е последен пат ревидирано во**

Февруари, 2016.